# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува во потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Петок, 22 март 1991
Скопје
Број 12 Год. XLVII

Аконтацијата за 1991 година изнесува 700 динари. Овој број чини 30 динари. Жиро сметка 40100-603-12498


**134.**

Врз основа на став 2 точка 5 од Амандман LXXVI на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 14 од Законот за Владата на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 38/90), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 20 март 1991 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ВЛАДАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Владата на Социјалистичка Република Македонија е избран проф. д-р Никола Кљусев.

2. За потпретседатели на Владата на Социјалистичка Република Македонија се избрани д-р Блаже Ристовски, Јован Андонов и д-р Бекир Жута.

3. За министри кои ќе раководат со одделни министерства се избрани:

| | |
|---|---|
| д-р Ристо Дамјановски, | за министер кој ќе раководи со Министерството за народна одбрана, |
| Јордан Мијалков, | за министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи, |
| м-р Ѓорѓи Наумов, | за министер кој ќе раководи со Министерството за правосудство и управа, |
| д-р Денко Малевски, | за министер кој ќе раководи со Министерството за односи со странство, |
| м-р Методија Тошевски, | за министер кој ќе раководи со Министерството за финансии, |
| Стојан Трајановски, | за министер кој ќе раководи со Министерството за стопанство, |
| д-р Гоце Петрески, | за министер кој ќе раководи со Министерството за развој, |
| д-р Александар Лепавцев, | за министер кој ќе раководи со Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, |
| д-р Иван Ангелов, | за министер кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, |
| Илијаз Сабриу, | за министер кој ќе раководи со Министерството за труд и социјална политика, |
| д-р Димитар Димитров, | за министер кој ќе раководи со Министерството за образование и физичка култура, |
| академик д-р Ѓорѓи Ефремов, | за министер кој ќе раководи со Министерството за наука, |
| д-р Цветан Грозданов, | за министер кој ќе раководи со Министерството за култура, |
| д-р Перко Колевски, | за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство, и |
| Мартин Тренески, | за министер кој ќе раководи со Министерството за информации. |

4. За други членови на Владата, односно министри се избрани:
д-р Јане Мијовски,
Илија Андонов-Ченто,
д-р Љубомир Фрчковски, и
м-р Тоска Алајдин.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-964/1
20 март 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на
Социјалистичка Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

---

**135**

Врз основа на член 239 став 1 од Законот за општонародна одбрана („Службен весник на СРМ“ број 17/88, 7/89 и 46/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 20 март 1991 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ КОМАНДАНТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ШТАБ ЗА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА

За командант на Републичкиот штаб за цивилна заштита се именува Јован Андонов, потпретседател на Владата на Социјалистичка Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-963/1
20 март 1991 година
Скопје

Претседател
на Собранието на
Социјалистичка Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

**136.**

Врз основа на член 95–а од Законот за патиштa („Службен весник на СРМ“, бр. 15/80, 28/80, 18/82, 13/86, 28/88 и 27/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ НАДОМЕСТОК ШТО СЕ ПЛАЌА ПРИ РЕГИСТРАЦИЈА НА ДРУМСКИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА ЗА СЛУЖБАТА НА „ПОМОШ И ИНФОРМАЦИИ“

Член 1

Во Одлуката за висината на посебниот надоместок што се плаќа при регистрација на друмските моторни возила за Службата на „Помош и информации“ („Службен весник на СРМ, број 14/86, 10/87, 15/88, 49/88, 17/89, 35/89, 45/89 и 27/90) во член 2, став 1, во точка 1 бројот „47,00“ се заменува со бројот „70,00“, а во точка 2 бројот „5,00“ се заменува со бројот „7,00“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 23–515/3
15 март 1991 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
инж. **Васил Влашки**, с.р.

---

**137.**

Врз основа на член 42 став 4 од Законот за ловот („Службен весник на СРМ“ бр. 43/88, 18/89, 26/89 и 27/90), Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство пропишува

## П Р А В И Л Н И К

## ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ИЗРАБОТКА НА ЛОВНОСТОПАНСКА ОСНОВА

Член 1

Ловностопанската основа се состои од:
– описен дел, табеларен дел и карти.

Член 2

Описниот дел на ловностопанската основа содржи податоци за:

а) Постојната состојба во ловиштето;

б) Цел на стопанисувањето со ловиштето;

в) Економско-финансиската основа за стопанисување со ловиштето.

Член 3

Во табеларниот дел на ловностопанската основа се евидентираат податоци за: извршените работи во ловиштето, мерките и методите за постигање на целта за идното стопанисување и позначајните промени во текот на годината, бројна состојба и структура на фондот на дивечот по старост и квалитет, структура на извршениот застрел на заштитениот и незаштитениот дивеч, фаќање на жив дивеч, внесување на жив дивеч, болести и угинување на дивечот, состојба со ловностопански објекти, вид и количина на храна потрошена за прихрана на дивечот, трофеи и нивните вредности, појави на бесправен лов и криволов и ловна хроника за извршените работи во ловиштето, која особено ги содржи позначајните промени во текот на годината.

Податоците од претходниот став се внесуваат во посебни обрасци кои се составен дел на овој правилник.

Член 4

За секое ловиште се изработуваат две карти и тоа:

1. Карта за границите на ловиштето и ареалите на дивечот во размер 1:50.000 и

2. Карта за ловнотехничките објекти во ловиштето и пристапноста на ловиштето во размер 1:50.000.

Член 5

Постојната состојба во ловиштето содржи податоци за: установување и граници на ловиштето, организација – претпријатие на кое е доделено ловиштето – име, седиште и дејност, намена на ловиштето, местоположбата, пристапност на ловиштето, природни услови за одгледување дивеч во ловиштето, орографски и хидрографски услови, геолошко-педолошка карактеристика, климатски услови (температура, врнежи, ветрови, како и општ заклучок за климата и нејзино значење за дивечот), растителност – вегетација како извор на храна за дивечот во текот на цела година, катастар на ловиштето, структура на површините, бонитирање на реоните, бонитет и капацитет на ловиштето по видови, дивеч кој може да се одгледува во природни услови, бројна состојба, квалитет и прираст на заштитениот дивеч, бројна состојба на незаштитениот дивеч во ловиштето, ловно-технички и други објекти во ловиштето (стопански, хранилишта, солишта, водопои, чеки и др.), анализа за стопанисување со ловиштето во минатото која особено ги опфаќа состојбите и мерките во спроведувањето на претходната основа, постигнати резултати од претходните цели за стопанисување со ловиштето поткрепени со бројчани показатели за вложените средства, за застреланиот дивеч, остварените приходи и нивната намена по години, односи со земјоделското и шумското стопанство, како и со ловиштата кои граничат со ловиштето и состојба на кадрите во ловиштето.

Член 6

Целта на стопанисување со ловиштето содржи: намена на ловиштето (стопанска, спортска и друга намена), одгледно-заштитни мерки за корисниот дивеч во ловиштето (со изнесување на податоци за одгледување и заштитни мерки за секој вид заштитен дивеч во ловиштето), мерки за унапредување и збогатување на природните и останатите услови за опстанок и развој на дивечот – одгледни, заштитни и други мерки, вид и број на дивеч што ќе се одгледува, временски период за постигање нормална состојба на дивечот (корисен) во ловиштето – динамика според бонитетот и капацитетот на ловиштето, прираст и динамика на популацијата на заштитениот дивеч, незаштитен дивеч и криволовство, мерки за нишшење на незаштитениот дивеч во ловиштето, начин, обем, структура на застреланиот дивеч и негово користење по години, забрана на ловење на 1/4 од ловиштето, реонирање на ловиштето, уредување и опрема на ловиштето, подигање на ловно-технички објекти во ловиштето (хранилишта, солишта, засолништа – ремизи, водопои, чеки, просеки ловечки куќи и др.), прихрана на дивечот – редовна и дополнителна, населување на дивеч во ловиштето, следење на здравствената состојба на дивечот во ловиштето, обезбедување на мир во ловиштето, пребројување на дивечот, годишен план за стопанисување со ловиштето, мерки за усогласување на односите со земјоделското и шумското

стопанство и со соседните ловишта, идна организација на кадрите во ловиштето.

Член 7

Економско-финасиската основа за ловиштето содржи податоци за приходите (нивните извори) и расходите (по намена) според предвидената динамика. Со економско-финансиската основа за стопанисување, одделно се прикажува видот и обемот на работите што ќе се извршат со средства што ќе се добијат од стопанисување со ловиштето, нивниот износ, а одделно видот и обемот на работите што ќе се извршат од други извори на средства.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 09–463/1
25 февруари 1991 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет
за земјоделство, шумарство
и водостопанство,
м-р **Богдан Тодоровски**, с.р.

Образец I
(Формат 21 x 29,5 см.)

ДИНАМИКА ЗА ПОСТИГАЊЕ НОРМАЛНА БРОЈНА СОСТОЈБА НА ЗАШТИТЕНИОТ ДИВЕЧ ВО ЛОВИШТЕТО

| Година | Бонитетен разред | Ловно продуктивна површина | Бројна состојба пролет | Годишен прираст | Нормален матичен фонд | Разлика до нормалниот матичен фонд | Капацитет Есенска бројна состојба | Годишен застрел | Останува за наредната година | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| | | | | | | | | | | |

Образец II
(Формат 21 x 29,5 см.)

ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗВРШЕНИОТ ЗАСТРЕЛ НА ЗАШТИТЕНИОТ ДИВЕЧ ВО ЛОВИШТЕТО

| Година | Број на застреланиот дивеч по видови | | | | | | | Забелешка* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Зајаци | Полски еребици | Еребици камењарки | Фазани | Диви свињи | Срни | Диви пајки | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | | | | | | | | |

* Податоците за застрел се евидентираат за секоја година поодделно од важноста на основата

Образец III
(Формат 21 x 29,5 см.)

ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗВРШЕНИОТ ЗАСТРЕЛ НА НЕЗАШТИТЕНИОТ ДИВЕЧ ВО ЛОВИШТЕТО

| Вид на дивеч | Година | | | | | | | | | | Забелешка* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | .... | .... | .... | .... | .... | .... | .... | .... | .... | .... | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| | | | | | | | | | | | |

*) Се евидентираат податоци за секоја година по вид на дивеч и броја

Образец IV
(Формат 21 x 29,5 см.)

ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПОТРОШЕНА ХРАНА ЗА ПРИХРАНА НА ДИВЕЧОТ ВО ЛОВИШТЕТО

| Година | Вид на храна – кг. | | | | | | | | Забелешка* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пченица | Починки | Пченка | Сено | Сол | Зелена храна и др. | Друга храна | Потрош. финансиск. стедства | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | | | | | |

*) Се изнесуваат податоци за секоја година.

Образец V
(Формат 21 x 29,5 см.)

## ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ХРАНИЛИШТА ВО ЛОВИШТЕТО

| Година | Број на хранилишта по видови на дивеч за* | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | зајаци | еребици | фазани | срни | диви свињи | елени | муфлони | за друга дивеч |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| вкупно | | | | | | | | |

*) Се искажува за секоја година поодделно од важноста на ловностопанската основа

Образец VI
(Формат 21 x 29,5 см.)

## ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОВНО-ТЕХНИЧКИ ОБЈЕКТИ ВО ЛОВИШТЕТО

| Година | Видови и број на објекти за:* | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Високи чеки за: | | | Ниски чеки за: | | | За пребројување и осматрање на дивеч | Други објекти |
| | срни | елени | диви свињи | диви свињи | фазани | друга дивеч | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Вкупно: | | | | | | | | |

*) Се искажуваат за секоја година одделно од важноста на ловностопанската основа

Образец VII
(Формат 21 x 29,5 см.)

## ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ВО ЛОВИШТЕТО ОСТВАРЕНИ ОД СТОПАНИСУВАЊЕТО СО ЛОВИШТЕТО*)

| Година | Приходи динари | | | | | | | Расходи | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Надоместок за влез во ловиште | Надоместок за застрелан дивеч | Надоместок од трофеи од дивеч | Надоместок од продажба на жив дивеч | Надоместок од продажба на месо од дивеч | Средства што ги плаќаат ловците за дивеч | Други приходи | Средства за подигање на ловно-технички објекти | Средства за изградба на хранилишта | Средства за набавка на жив дивеч | Други расходи |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| Вкупно: | | | | | | | | | | | |

*) Приходите и расходите се искажуваат за секоја година одделно од важноста на ловностопанската основа.

Образец VIII
(Формат 21 x 29,5 см.)

## ЕВИДЕНЦИЈА НА ТРОФЕИТЕ И ИЗДАВАЊЕТО НА ТРОФЕЈНИТЕ ЛИСТОВИ ВО ЛОВИШТЕТО

| Година | Вид на дивеч | | | Забелешка* |
|---|---|---|---|---|
| | ..... | Број на поени | Регистарски број | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | | | |

* За секоја година по видови на дивеч се искажуваат трофеите застрелани во ловиштето од важноста на ловностопанската основа.

Образец IX
(Формат 21 x 29,5 см.)

## ЛОВНА ХРОНИКА

| Година и датум | Опис на позначајните појави во ловиштето, настаните промени во текот на годината во ловиштето, извршени позначајни работи во ловиштето и сл. |
|---|---|
| 1 | 2 |
| – | |

# КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ

**62.**

Врз основа на член 85 од Законот за основните права од работниот однос („Службен лист на СФРЈ" бр. 60/89 и 42/90), а во согласност со член 2 од Општиот колективен договор за стопанството на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 30/90), Републичкиот одбор на Синдикатот на работниците од земјоделството, прехранбената и тутунската индустрија и Соборот за земјоделство, прехранбена индустрија и водостопанство при Стопанската комора на Македонија склучуваат

## КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ПРЕХРАНБЕНА ИНДУСТРИЈА И РИБАРСТВО

### I. ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Со овој колективен договор се уредуваат правата и обврските на работниците вработени во претпријатијата, делови на претпријатија и кај работодавците – членови на Комората, како и правата и обврските на претпријатијата и работодавците од гранките:

0130-01301 – мелење и лупење на жита
-02302 – производство на леб и тестенини
-01303 – преработка и конзервирање на овошје и зеленчук
-01304 – преработка и конзервирање на месо и риба
-01305 – преработка и конзервирање на млеко
-01306 – производство на шеќер
-01307 – производство на кондиторски производи
-01308 – производство на растителни масла и масти
-01309 – производство на други прехранбени производи (без добиточна храна)
0131-01311 – производство на алкохол од растително потекло и алкохолни пијалаци
-01312 – производство на безалкохолни пијалаци
0132-01320 – производство на добиточна храна
0201-02011 – полјоделство
-02012 – овоштарство
-02013 – лозарство
-02014 – сточарство
0202-02020 – земјоделски услуги
0203-02030 – рибарство

Овој колективен договор ќе важи и за други стопански субјекти и вработените во нив кои членуваат во Комората преку други форми на организирање, а кои извршуваат една од дејностите од претходниот став.

Колективниот договор важи и за ученици и студенти на производна работа, односно практика.

За работоводните органи и работници со посебни овластувања и одговорности утврдени во Статутот на претпријатието, не важи делот од Колективниот договор со кој се регулира личниот доход и надоместоците, додека другите одредби од Договорот важат ако тоа е утврдено со договор за работа.

Личниот доход и надоместоците на работоводниот орган ги утврдува надлежен орган во претпријатието врз основа на определени критериуми, а на работници со посебни овластувања и одговорности со Статутот на организацијата, директорот.

Член 2

Со овој колективен договор се уредуваат прашањата според кои одредбите на Општиот колективен договор за стопанството на СРМ, треба да се разработат, како и прашањата кои се специфични за овие гранки.

Член 3

На членот на Сојузот на синдикатите му се пружа стручна помош од страна на соодветните органи, тела и Службата за правна помош на ССМ за заштита на правата од работниот однос утврдени со закон, Општиот колективен договор за стопанството на СРМ, овој колективен договор, Колективниот договор на организацијата односно општиот акт.

Член 4

Со општите акти, колективните договори на претпријатијата односно договор за вработување не можат да се утврдат помали права и обврски од утврдените со овој колективен договор.

### II. ПОСЕБЕН ДЕЛ

**Засновање работен однос**

Член 5

Работникот, при засновањето на работниот однос склучува договор за работа.

Договорот за работа го склучува надлежниот орган во претпријатието утврден во општиот акт – правилата, односно работодавачот и работникот.

Договорот за работа содржи особено: засновањето на работниот однос на определено или неопределено време, работите на работното место кои работникот ќе ги врши и местото на работа, траењето на пробната работа, начинот, следењето и оценувањето на приправникот, работното време, одморите и отсуствата, личниот доход и останатите примања, надоместоци на личен доход, заштита при работа, отказниот рок, престанок на работен однос и слично,

**Работно време**

Член 6

Работата подолга од полното работно време се дозволува во случаи кога не е можно со прераспоредување на редовните работни часови и други организациони зафати да се изврши определена работа (на пример, поради сезонскиот карактер во земјоделството).

Работниците кои работат подолго од полното работно време, за повеќе денови мора да бидат известени навреме по писмен пат, а за извршување на работните задачи за довршување на работниот процес во текот на денот, по усмен пат.

Член 7

Работник не може да работи на работни задачи подолго од полното работно време ако има посебно лекарско уверение со кое се докажува дека со таквата работа се загрозува неговата здравствена состојба или кога е во прашање нега на болен во семејството (што се докажува со лекарско уверение).

**Заштита на работа**

Член 8

Работникот има право на заштита на работа.

Претпријатието, односно работодавачот се должни да ги спроведуваат мерките на заштита при работа, со цел да се заштити здравјето на работниците.

Со актот на претпријатието да се утврдат сите работни места кои се извршуваат во потешки услови на работа, при што на работникот мора да му се обезбедат заштитни средства: (маска, чизми, ракавици и друго) предвидени со актот на претпријатието.

Работникот е должен во текот на работата да ги користи заштитните средства кои се пропишани со општиот акт и законот.

Некористење на пропишаните средства претставува повреда на работните обврски.

**Одмори и отсуства**
**Годишен одмор**

Член 9

Претпријатието, односно работодавачот е должен на работникот кој засновал работен однос на неопределено време да му обезбеди користење на годишен одмор во траење од најмалку 18 работни дена.

Должината на годишниот одмор од претходниот став по следниве основи се зголемува за:

– по основ на придонес на работникот во работата најмалку 2 работни дена;

– за максимално неповолни услови за работа, најмалку 2 дена;

– по основ на работен стаж – до 10 работни дена;

– по основ на социјално-здравствена состојба – најмалку 1 работен ден;

– по основ на сложеност на работите – најмалку 2 работни дена.

Со општиот акт, односно Колективниот договор на ниво на претпријатието поконкретно се утврдуваат и разработуваат критериумите за должината на траењето на годишниот одмор, кој не може да трае подолго од 30 дена, доколку со закон не е поинаку определено.

## ЛИЧНИ ДОХОДИ, НАДОМЕСТОЦИ НА ЛИЧНИ ДОХОДИ И ДРУГИ ПРИМАЊА И НАДОМЕСТОЦИ

**Личен доход**

Член 10

Личните доходи според одредбите на овој колективен договор се јавни, додека поединечните исплати на личните доходи не се јавни.

Личните доходи се пресметуваат и исплатуваат во нето износ. Придонесите и даноците на личниот доход на работниците ги плаќа претпријатието, односно работодавачот.

Исплатениот личен доход на работникот зависи од:

– основниот личен доход;

– додатокот за потешки услови за работа;

– надоместокот за успешноста во извршувањето на работните задачи;

– добивката на претпријатието;

– надоместоците на личниот доход;

– други елементи утврдени во општиот акт, односно колективниот договор на претпријатието.

Член 11

Цената на работната сила за најнизок степен на сложеност со кој се обезбедува материјална и социјална сигурност на работникот и неговото семејство, договорно ја утврдуваат и објавуваат потписниците на овој колективен договор најдоцна во декември тековната за наредната година.

Доколку во текот на годината дојде до пораст на трошоците на живот, најниската цена на работната сила се коригира сразмерно на тој пораст во тековниот месец во однос на декември претходната година.

Заради сегашната материјално-финансиска состојба во оваа гранка, потписниците се договорија, цената на работната сила во смисла на став 1 од овој член за полно работно време и нормални резултати и услови на работа месечно да изнесува како што е објавено во член 59, став 1 од Општиот колективен договор.

Член 12

Во претпријатието, односно кај работодавачите кај кои настанало тешкотии во работењето, најниските личен доход може да се намали до 20%, но не подолго од 6 месеци.

Член 13

Цената на работната сила за најнизок степен на сложеност се коригира со коефициентот на сложеност на трудот на соодветната група и тој претставува основен личен доход.

Се утврдуваат девет групи на коефициенти на сложеност на работите кои изнесуваат најмалку:

I група

Во оваа група спаѓаат едноставни рутински работи кои не бараат посебно образование, односно квалификација.

Коефициентот на сложеност на работите е 1,00.

II група

Во оваа група спаѓаат помалку сложени работи и задачи, односно работа со помош на едноставни средства за работа за кои се доволни писмени упатства, односно интерна полуквалификација за извршување на наведените работи.

Коефициентот на сложеност на работите е 1,15 (1,20 за МПИ).

III група

Во оваа група спаѓаат средно сложени работи и задачи во кои работата се повторува, со повремена појава на нови работни задачи. Извршувањето на овие работни задачи бара образование на ниво на квалификуван работник.

Коефициентот на сложеност на работите е 1,30 (1,40 за МПИ).

IV група

Во оваа група подразбираме посложени и поразновидни работи и задачи за чие извршување се неопходни консултации. Извршувањето на овие работи и задачи претпоставува средна стручна подготовка.

Коефициентот на сложеност на работите е 1,55 (1,70 за МПИ).

V група

Во оваа група спаѓаат посложени работи и задачи кои бараат повисок степен на самостојност во извршувањето на работите и задачите (ВКВ работници).

Коефициентот на сложеност на работите е 1,70 (1,85 за МПИ)

VI група

Оваа група подразбира сложени работи и задачи во непосредното производство, работи на оргнизирање, водење и подготовка на процесот на трудот, посебно задачи во областа на услугите, административни и деловни функции, за што е потребно виша стручна подготовка.

Коефициент на сложеност на работите е 1,85 (2,10 за МПИ).

VII група

Во оваа група спаѓаат мошне сложени работи и задачи што бараат иницијативност и креативност на работникот во стручно работење за подготовки, анализи и организација на работниот процес за што е потребно заокружено теоретско и практично знаење за чие извршување е неопходно висока стручна подготовка.

Коефициент на сложеност на работите е 2,30 (2,60 за МПИ).

VIII група

Во оваа група спаѓаат мошне сложени работи и задачи за што е неопходно специјалистичко знаење заради извршување на високо стручни и сложени работи, вклучувајќи и работи во научно-истражувачки проекти. За работници од оваа група одговара образование на ниво на висока стручна подготовка и завршена специјалистичка програма на образование или магистратура.

Коефициент на сложеност на работите е 2,50 (2,90 за МПИ).

IX група

Оваа група подразбира најсложени работи и задачи со најголемо знаење за водење на процесот на производството, за чие извршување се неопходни одредени високи специјализации – докторат на науки.

Коефициент на сложеност на работите е 3,00 (3,20 за МПИ).

Член 14

Со општиот акт, односно Колективниот договор на ниво на претпријатие, поконкретно се утврдуваат видот на работите и работните задачи по групи на сложеност и соодветните коефициенти на сложеност.

Член 15

Основниот личен доход на работникот се зголемува по основ на успешноста на извршувањето на работните задачи при што се поаѓа од квалитетот, квантитетот, остварената продуктивност на трудот, заштеди во процесот на работата и ефикасноста во користењето на работното време. Во зависност од спецификите на работните задачи во претпријатието, во Колективниот договор, односно општите акти се утврдуваат и други критериуми со кои се определува степенот на успешноста на извршувањето на работните задачи.

Член 16

Распределбата на добивката остварена во претпријатието, односно поодделното учество на секој работник во нејзината распределба ќе се врши согласно одредбите на Колективниот договор на ниво на претпријатие, односно општиот акт согласно член 66 од Општиот колективен договор на стопанството на СРМ.

Член 17

Основниот месечен личен доход на работникот се зголемува кога работникот работи во услови потешки од нормалните за определено работно место.

Со колективните договори и општите акти на претпријатието ќе се утврдат условите за работа кои се потешки од нормалните за поедини места. Притоа, треба да се имаат предвид особено:

– условите за работа, за што е признат бенифициран работен стаж;

– влијание на околината (клима, бучава, прашина, влага, биолошки влијанија и др.);

– физички и психички оптоварувања (тешки физички напори со можни последици по здравјето, оптоварување на сетилата и друго);

– опасност по здравјето и животот на работното место како последица од употреба на орудија за работа на транспортни средства и друго;

– опасност од болести кои се пренесуваат од животни на луѓе – зоонози.

Член 18

Работникот има право на 0,5% додаток на основниот личен доход за секоја година работен стаж.

Член 19

Работникот има право на теренски додаток во земјата, за работа на терен вон седиштето на претпријатието во зависност од обезбедените услови за престој на работниците на терен (сместување, исхрана и останато) во висина до 75 од дневницата, што се исплаќа во претпријатието во тој период.

Во Колективниот договор, односно општиот акт на претпријатието, попрецизно да се разработат критериумите според кои ќе се исплаќа теренскиот додаток.

Дневницата за службено патување и теренскиот додаток меѓусебно се исклучуваат.

Член 20

Основниот личен доход на работникот се зголемува и по основ на прекувремена работа, работа во денови на празници, утврдени во сојузни и републички закони работа ноќе и работа во повеќе смени.

Процентот на зголемувањето по основите од претходниот став се утврдува во општиот акт на претпријатието, односно колективниот договор на ниво на претпријатието, но не може да биде понизок од утврдениот во Општиот колективен договор за стопанството на СРМ.

Основниот личен доход на работниците вработени во претпријатијата од млинско-пекарската индустрија по основите од првиот став на овој член се зголемува за:

– 50% за прекувремена работа;

– 50% за работа во денови на празници, утврдени со сојузни и републички закони;

– 35% за работа ноќе;

– 5% за работа во повеќе смени.

## II. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Важење на Колективниот договор

Член 21

Овој колективен договор важи 3 години од денот на склучувањето.

Важноста на Договорот може да се продолжи и за наредните три години, ако најдоцна три месеци пред истекот на рокот за важење не се покрене барање за негова измена, односно не започне постапка за склучување нов договор.

Странките можат во било кое време спогодбено да го изменат Договорот.

### Решавање на спорови

Член 22

За решавањето спорови меѓу странките во овој Колективен договор, што не можат да се решат со меѓусебно спогодување, се формира Комисија за усогласување.

За спор во смисла на претходниот став се смета правен или друг спор (ако се повредени интересите на странките) кој произлегува од Колективниот договор, како и спор кој ќе настане како последица од неприфаќањето на предлогот за измени и дополнување на Колективниот договор.

**Состав на Комисијата за усогласување**

Член 23

Секоја од странките именува два члена во Комисијата за усогласување.

Членовите на Комисијата спогодбено именуваат претседател на Комисијата.

**Започнување на постапката и резултати од усогласувањето**

Член 24

Постапката на усогласување за случаите од член 22 започнува на барање на една од странките.

Член 25

Усогласувањето е неуспешно ако една од странките писмено изјави, но не пред почетокот на усогласувањето, дека истото го смета за неуспешно.

Секое усогласување што странките ќе го постигнат, мора да биде во писмена форма.

Со донесените решенија се дополнува и изменува Колективниот договор.

**Измени и дополнување на Колективниот договор**

Член 26

Секоја од страйките може било кога да предложи измени и дополнувања на Колективниот договор.

Предлогот образложен во писмена форма се доставува до другата странка, која е должна да се изјасни по предлогот во рок од 30 дена.

Во случај спротивната странка да не го прифати предлогот за промени или не се изјасни по предлогот во рокот од претходниот став, странката – предлагач може да започне постапка пред арбитража.

**Постапка пред арбитража**

Член 27

Ако постапката за усогласување е неуспешна, спорот ќе се разреши пред арбитража.

Бројот на арбитрите е непарен.

Секоја од странките именува еднаков број арбитри, а најмалку два.

Претседателот на арбитражата го именуваат арбитрите спогодбено, од редот на угледни, научни и стручни работници.

Арбитражата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

На постапката пред арбитражата се применуваат одредбите за избраните судови од Законот за процесната постапка.

Одлуката на арбитражата е конечна.

**Спроведување и толкување на Колективниот договор**

Член 28

Странките се должни да го спроведуваат и следат остварувањето на Колективниот договор.

Секоја од странките во Колективниот договор именува по три члена во Комисијата која е овластена да дава толкувања на одредбите од Договорот.

**Регистрирање и објавување на Колективниот договор**

Член 29

Колективниот договор ќе се регистрира кај надлежниот републички орган на управата.

Член 30

Овој колективен договор влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Член 31

Организациите, односно работодавачите се должни да ги усогласат општите акти со одредбите на овој колективен договор, во рок од шеесет дена од денот на неговото објавување.

декември 1990 година
Скопје

Републички одбор на Синдикатот на работниците од земјоделството, прехранбената и тутунската индустрија на Македонија

Претседател,
**Томислав Велковски**, с.р.

Стопанска комора на Македонија
Собор за земјоделство, прехранбена индустрија и водостопанство
Претседател,
**Момчило Јовановски**, с.р.

---

**63.**

Врз основа на член 85 од Законот за основните права од работниот однос („Службен лист на СФРЈ" бр. 60/89 и 42/90) а во согласност со член 2 од Општиот колективен договор за стопанството на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 30/90) републичкиот одбор на Синдикатот на работниците од земјоделството, прехранбената и тутунската индустрија и Соборот за земјоделство, прехранбена индустрија и водостопанство при Стопанската комора на Македонија склучуваат

# КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ВОДОСТОПАНСТВО

## I. ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Со овој колективен договор се уредуваат правата и обврските на работниците вработени во организациите и работодавачите – членови на Комората од гранката водостопанство, како и правата и обврските на тие организации и работодавачи во согласност со Законот и Општиот колективен договор за стопанството на СРМ.

Колективниот договор важи и за ученици и студенти на производна работа, односно практика.

За работоводните органи и работниците со посебни овластувања и одговорности утврдени во Статутот на организацијата, не важи делот од Колективниот договор со кој се регулира личниот доход и надоместоците, додека другите одредби важат ако тоа е утврдено со договор за работа.

Личниот доход и надоместоците на работоводниот орган ги утврдува надлежниот орган во организацијата, а на работниците со посебни овластувања и одговорности, директорот, врз основа на претходно утврдени критериуми.

Член 2

На членот на Сојузот на синдикатите му се пружа стручна помош од страна на соодветните органи, тела и

службата за правна помош на ССМ, за заштита на правата од работниот однос утврдени со закон, Општиот колективен договор, Колективниот договор на организацијата, односно општиот акт.

Член 3

Со општиот акт, односно со колективниот договор на ниво на претпријатие, не можат да се утврдуваат помали права и обврски од утврдените со овој колективен договор, како и со Општиот колективен договор за стопанството на СРМ.

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ

### Засновање работен однос

Член 4

Работникот при заснувањето на работниот однос склучува договор за работа.

Договорот за работа го склучува надлежниот орган во организацијата утврден во општиот акт – правилата, односно работодавачот и работникот.

Договорот за работа содржи особено: заснувањето на работниот однос на определено или неопределено време, работите на работното место кои работникот ќе ги врши и местото на работа, траењето на пробната работа, начинот, следењето и оценувањето на приправникот, работното време, одморите и отсуствата, личниот доход и останати примања, надоместоци на личен доход, заштита при работа, отказниот рок, престанокот на работен однос и слично.

### Одмори и отсуства

### Годишен одмор

Член 5

Организацијата, односно работодавачот е должен на работникот кој засновал работен однос на неопределено време да му обезбеди користење годишен одмор во траење од најмалку 18 работни дена.

Должината на годишниот одмор од претходниот став се зголемува по критериуми утврдени во општиот акт, а особено:

- по основ на услови на работа;
- по основ на придонес на работниците во работата;
- по основ на сложеност на работното место на работникот;
- по основ на работното искуство;
- здравствената состојба на работникот (професионално заболување, хронично заболување, тешка болест и сл.).

Со општиот акт, односно Колективниот договор на ниво на организацијата поконкретно се утврдуваат и разработуваат критериумите за должината на траењето на годишниот одмор, кој не може да трае подолго од 30 дена.

### Заштита на работниците

Член 6

Работникот има право на заштита при работа.

Организацијата, односно работодавачот се должни да ги обезбедат потребните услови за заштита при работа.

Во актот на организацијата, односно договорот за работа, се утврдуваат работните места кои бараат работникот да биде заштитен, како и видот на заштитните средства што треба да му се обезбедат на работникот за извршување на работите на тоа работно место.

### Лични доходи, надоместоци на личните доходи и други примања и надоместоци

### Личен доход

Член 7

Личните доходи според одредбите на овој колективен договор се јавни, додека поединечните исплати на личните доходи не се јавни.

Личните доходи се пресметуваат и се исплатуваат во нето износ.

Придонесите и даноците на личниот доход на работниците ги плаќа организацијата, односно работодавачот.

Исплатениот личен доход на работникот зависи од:

- основниот месечен личен доход на работникот;
- работењето во потешки услови на работа;
- резултатите од работењето на работникот по обем и квалитет на производите и услугите, остварената продуктивност на трудот, заштеди во процесот на работата и ефикасноста во користењето на работното време;
- остварена добивка.

Член 8

Цената на работната сила за најнизок степен на сложеност со кој се обезбедува материјална и социјална сигурност на работникот и неговото семејство, договорно ја утврдуваат и објавуваат потписниците на овој колективен договор најдоцна до декември тековната за наредната година.

Доколку во текот на годината дојде до пораст на трошоците за живот, најниската цена на работната сила се коригира сразмерно на тој пораст во тековниот месец во однос на декември претходната година.

Заради сегашната материјално-финансиска состојба во оваа гранка потписниците се договорија цената на работната сила во смисла на став 1 на овој член за полно работно време и нормални резултати и услови за работа месечно да изнесува како што е дадено во член 59 став 1 од Општиот колективен договор.

Член 9

Цената на работната сила за најнизок степен на сложеност се коригира со коефициентот на сложеност на трудот на соодветната група и тој претставува основен личен доход.

Се утврдуваат девет групи на сложеност на работите, и тоа:

I ГРУПА:

Во оваа група спаѓаат едноставни, рутински работи кои не бараат посебно образование, односно квалификации.

Коефициентот на сложеноста на работите е 1,00

Во оваа група спаѓаат:

- општи работници;
- фигуранти;
- одржувачи на хигиена;
- чувари на работни простории, водостопански објекти и градежништво;
- помошни работи во кујна;
- транспортни работници.

II ГРУПА:

Во оваа група спаѓаат помалку сложени работи, односно работи со помош на едноставни средства за работа за кои се доволни писмени упатства, односно интерна квалификација

Коефициентот на сложеност на работите е 1,15.

Во оваа група спаѓаат:

- изведувачи на помалку сложени водостопански и градежни работи;
- ракувачи со едноставни машини и алати;
- курир;
- телефонист;
- помошен работник во магацин;
- помошен работник за одржување на машини и постројки;
- умножувач на материјали;
- оргнизатор на едноставни работи-предработник

III ГРУПА

Во оваа група спаѓаат средно сложени работи на кои работата се повторува со повремена појава на нови работни задачи. Извршувањето на овие работи бара образование на ниво на квалификуван работник
Коефициентот на сложеност на работите е 1,30.
Во оваа група спаѓаат:
– работник за изградба на водостопански објекти;
– одржувачи на водостопански објекти;
– работник на наводнување;
– работник на ракување, одржување на механички уреди и постројки;
– едноставни електрични, електронски уреди, едноставни метални конструкции, заварување, ковање и сл.;
– возачи со „Б“ категорија;
– одржување на паркови;
– ракувачи со едноставни градежни машини;
– КВ кувари, келнери, шанкери, инкасанти и сл.;
– евидентичар;
– дактилограф.

IV група

Во оваа група спаѓаат посложени и поразновидни работи за чие извршување се неопходни консултации и извршувањето на работите претпоставува образование на средна стручна подготовка
Коефициентот на сложеноста на работите е 1,55.
Во оваа група спаѓаат:
– работник на надзор на водоградба и др. градежни објекти;
– раководител на водостопански уреди (пумпи, црпни станици);
– работник за одржување на сложени механички уреди;
– работник за одржување на сложени електрични и електронски уреди;
– работник на сложени метални конструкции, заварување, ковање и стругање и сл.;
– лаборанти;
– благајник;
– книговодител;
– домаќин;
– обрачунец;
– финансиски и материјален книговодител;
– архивар;
– технички секретар;
– дактилограф-стенограф;
– евидентичар, статистичар, фактурист, магационер;
– геометар, технички цртач;
– работи од областа на работните односи;
– рецепционер;
– заштита при работа, ОНО и самозаштита;
– возачи со „Ц“ категорија.

V група

Во оваа група спаѓаат посложени работи кои бараат повисок степен на самостојност во извршување на работите, ВКВ работници и специјалисти
Коефициентот на сложеност на работите е 1,70.

Во оваа група спаѓаат:
– работник за подготовка на водостопанска и друга документација;
– работник на организација, изградба, одржување и експлоатација на водостопански и други објекти;
– работник за одбрана од поплави и заштита на водите од загадување;
– работи за одржување на многу сложени машини, електрични и електронски уреди и постројки;
– оператори со електронски уреди;
– возачи со „Д“ и „Е“ категорија;
– контер, ликвидатор, книговодител;
– геометар.

VI група

Оваа група подразбира сложени работи во непосредното производство, работи на организирање, водење и подготовка на процесот на работењето, посебни задачи во областа на услугите, административни и деловни функции за што е потребно образование на ниво на виша стручна подготовка
Коефициентот на сложеност на работите е 1,85.

Во оваа група спаѓаат:
– организација на работи на изградба, одржување и експлоатација на водостопански и други објекти;
– организирање и спроведување работи за одбрана од поплави, заштита при работа, геодетски работи и техничка подготовка;
– координатори на помали организациони единици;
– општествен стандард, кадровска служба;
– аналитичко-плански работи;
– финансова оперативa.

VII група

Во оваа група спаѓаат мошне сложени работи што бараат иницијативност и креативност во работењето, во стручно работење на подготовки, анализи и организација на работниот процес, за што е потребно заокружено теоретско и практично знаење и за чие извршување е неопходно висока стручна подготовка
Коефициентот на сложеност на работите е 2,30.
Во оваа група спаѓаат:
– изработка на проектно-техничка документација;
– организација за изградба и надзор на водостопански и други објекти;
– функционирање и експлоатација на ХМС;
– организирање на одбрана од поплави, заштита на води од загадување;
– работи на други видови користење вода;
– организатор на книговодствени работи;
– организатор на финансиски работи;
– сложени геодетски работи;
– сложени машински работи;
– сложени работи на електричари и електроничари;
– работи на план и анализа;
– правни работи;
– психолог-социолог;
– сложени работи за заштита при работа;
– работи на информирање;
– информатика и програмирање;
– ОНО и ХТЗ;
– стручен надзор.

VIII група

Во оваа група спаѓаат мошне сложени работи за што е неопходно високо образование кое се користи за раководење, потоа специјалистички знаења за извршување на високостручни и сложени работи и научно-истражувачки проекти. Во оваа група спаѓаат образование на ниво специјалист и магистер.
Коефициентот на сложеност на работите е 2,50.

Во оваа група спаѓат:
– работи на организирање и раководење со сектори, погони и економски единици;
– специјалисти за развој и користење на ресурсите, работи на економски истражувања, унапредување на техниката и организацијата на работа, координирање со најсложени системи.

IX група

Во оваа група спаѓаат најсложени работи со најголемо знаење за водење на процесот на производство за чие извршување се неопходни одредени високи специјализации, докторат на науки.
Коефициентот на сложеноста е 3,00.
Во оваа група спаѓаат:
– креативни работи за развој;
– аналитички истражувања од областа на унапредување на технолошкиот процес и економските односи.

Член 10

Основниот месечен личен доход на работникот се зголемува кога работникот работи во услови потешки од нормалните за определено работно место.

Со општиот акт, односно Колективниот договор на ниво на претпријатие се утврдуваат условите за работи потешки од нормалните за поодделно работно место и процентот на зголемување.

Член 11

Основниот личен доход на работникот се зголемува и по основ на прекувремена работа, работа во денови на празници, утврдени во сојузни и републички закони, работа ноќе, работа во повеќе смени и по основ на минат труд.

Процентите на зголемување по основите од претходниот став се утврдуваат во општиот акт на организацијата, односно Колективниот договор на ниво на организацијата, но не може да биде понизок од утврдениот во Општиот колективен договор за стопанството на СРМ.

Член 12

Работникот има право на теренски додаток во земјата за работа на терен вон седиштето на организацијата во зависност од обезбедените услови за престој на работниците на терен (сместување, исхрана и останато).

Теренскиот додаток се пресметува во висина до 75% од износот на дневницата што се исплаќа во организацијата во тој период.

Дневницата за службено патување и теренскиот додаток меѓусебно се исклучуваат.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Важење на Колективниот договор

Член 13

Овој колективен договор важи 3 години од денот на склучувањето.

Важноста на Договорот може да се продолжи и за наредните три години, ако најдоцна три месеци пред истекот на рокот за важење не се покрене барање за негова измена, односно не започне постапка за склучување нов договор.

Странките можат во било кое време спогодбено да го изменат Договорот.

### Решавање спорови

Член 14

За решавање на спорови меѓу странките во овој колективен договор, што не можат да се решат со меѓусебно спогодување, се формира Комисија за усогласување.

За спор во смисла на претходниот став се смета правен или друг спор (ако се повредени интересите на странките) кој произлегува од Колективниот договор, како и спор кој ќе настане како последица од неприфаќањето на предлогот за измени и дополнување на Колективниот договор.

### Состав на Комисијата за усогласување

Член 15

Секоја од странките именува два члена во Комисијата за усогласување.

Членовите на Комисијата спогодбено именуваат претседател на Комисијата од редот на потписниците.

### Започнување на постапката и резултати од усогласувањето

Член 16

Постапката на усогласување за случаите од член 14 започнува на барање на една од странките.

Член 17

Усогласувањето е неуспешно ако една од странките писмено изјави, но не пред почетокот на усогласувањето, дека истото се смета за неуспешно.

Секое усогласување што странките ќе го постигнат, мора да биде во писмена форма.

Со донесените решенија се надополнува и изменува Колективниот договор.

### Измени и дополнување на Колективниот договор

Член 18

Секоја од странките може било кога да предложи измени и дополнувања на Колективниот договор.

Предлогот образложен во писмена форма се доставува до другата страна која е должна да се изјасни по предлогот во рок од 30 дена.

Во случај спротивната странка да не го прифати предлогот за промени или не се изјасни по предлогот во рокот од претходниот став, странката предлагач може да започне постапка пред арбитража.

### Постапка пред арбитража

Член 19

Ако постапката за усогласување е неуспешна, спорот ќе се разреши пред арбитража.

Бројот на арбитрите е непарен.

Секоја од странките именува еднаков број на арбитри, а најмалку два.

Претседателот на арбитражата го именуваат арбитрите спогодбено:

Арбитражата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

На постапката пред арбитражата се применуваат одредбите за избраните судови од законот за процесната постапка.

Одлуката на арбитражата е конечна.

### Спроведување и толкување на Колективниот договор

Член 20

Странките се должни да го спроведат и следат остварувањето на Колективниот договор.

Секоја од странките во Колективниот договор именува по три члена во Комисијата која е овластена да дава толкување на одредбите од Договорот.

### Регистрирање и објавување на Колективниот договор

Член 21

Колективниот договор ќе се регистрира кај надлежниот републички орган на управата.

Член 22

Овој колективен договор влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Член 23

Организациите односно работодавачите се должни да ги усогласат општите акти со одредбите на овој колективен договор во рок од шеесет дена од денот на неговото објавување.

декември 1990 година
Скопје

Републички одбор на синдикатот
на работниците од земјоделството,
прехранбената и тутунската
индустрија на Македонија
Претседател,
**Томислав Велковски**, с.р.

Стопанска комора на
Македонија
Собор за земјоделство,
прехранбена индустрија
и водостопанство
Претседател,
**Момчило Јовановски**, с.р.

---

**64.**

Врз основа на член 85 од Законот за основните права од работниот однос („Службен лист на СФРЈ“ бр. 60/89 и 42/90), а во согласност со член 2 од Општиот колективен договор за стопанството на СРМ („Сл. весник на СРМ“ бр. 30/90), Републичкиот одбор на Синдикатот на работниците од земјоделството, прехранбената и тутунската индустрија и Соборот на тутунската индустрија при Стопанската комора на Македонија, склучуваат

# КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ТУТУНСКАТА ИНДУСТРИЈА

## I. ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Со овој колективен договор се уредуваат правата и обврските на работниците од работниот однос кои се вработени во претпријатијата и кај работодавачите, како и правата и обврските на тие претпријатија и работодавачи во согласност со Законот и другите прописи во стопанството на СРМ.

Овој колективен договор се однесува на сите правни субјекти (организации) од гранката 013300 – производство и преработка на тутун.

Овој колективен договор се однесува и на сите останати претпријатија на кои основната дејност не им е тутунската гранка, но кои се во состав на повисоките облици на здружување чија претежна дејност им е тутунската гранка, ако за тоа се определат работниците.

Колективниот договор важи и за ученици и студенти на производна работа, односно практика.

За работоводниот орган и работници со посебни овластувања и одговорности утврдени во статутот на претпријатието, не важи делот од Колективниот договор со кој се регулира личниот доход и надоместоците, додека другите одредби од Договорот важат ако тоа е утврдено со договор за работа.

Личниот доход и надоместоците на работодавниот орган ги утврдува надлежен орган, а на работниците со посебни овластувања и одговорности утврдени со статутот на претпријатието, директорот, врз основа на претходно утврдени критериуми.

Член 2

Со овој колективен договор се уредуваат прашањата кои според одредбите на Општиот колективен договор на стопанството на СРМ, треба да се разработат како и прашањата кои се специфични за овие гранки.

Член 3

На членот на Сојузот на синдикатите му се пружа стручна помош од страна на соодветните органи, тела и Службата за правна помош на ССМ, за заштитата на правата од работниот однос утврдени со Закон, Општиот колективен договор за стопанството на СРМ, овој колективен договор, Колективниот договор на претпријатието, односно општиот акт.

Член 4

Со општите акти, односно колективните договори на претпријатијата не можат да се утврдат помалку права и обврски од утврдените со овој колективен договор.

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ

### Засновање работен однос

Член 5

Работникот при заснувањето на работниот однос склучува договор за работа.

Договорот за работа го склучува надлежниот орган во претпријатието утврден во општиот акт – правилата, односно работодавачот и работникот.

Договорот за работа содржи особено: засновање на работниот однос на определено или неопределено време, работите на работното место кои работникот ќе ги извршува и местото на работа, траењето на пробната работа, начинот на следењето и оценувањето на приправникот, работното време, одморите и отсуствата, личниот доход и останатите примања, надоместоци на личен доход, заштита при работа, отказниот рок, престанок на работен однос и слично.

### Работно време

Член 6

Работното време трае 42 часа во текот на работната недела со платен дневен получасовен одмор.

Распоредот на работните часови за календарската година се врши со планот на работни часови (дневен календар) кој го изготвува работоводниот орган на претпријатието.

Член 7

Работното време во одредени временски периоди и во одредени делови во процесот на производството може да се распореди и на друг начин.

Член 8

Работа подолга од полното работно време се дозволува во случаи кога не е можно со прераспоредување на редовните работни часови и други организациони зафати да се изврши определена работа.

Работниците кои ќе работат подолго од полното работно време мора да бидат навреме известени.

Член 9

Работник не може да работи на работни задачи подолго од полното работно време ако има посебно лекарско уверение со кое докажува дека со таквата работа се загрозува неговата здравствена состојба или кога е во прашање нега на болен во семејството (што се докажува со лекарско уверение издадено од посебна комисија).

Член 10

За работи кои бараат посебни напори и се извршуваат под тешки услови, работоводниот орган, односно работодавачот е должен во општиот акт или Колективниот договор на претпријатието, да утврди и пократко редовно работно време (не пократко од 36 часа неделно), подолг дневен одмор, во согласност со прописите и по обезбедено мислење од надлежната стручна институција.

**Одмори и отсуства**
**Годишен одмор**

Член 11

Организацијата, односно работодавачот е должен да му обезбеди на работникот користење годишен одмор најмалку во траење од 18 работни дена.

Должината на годишниот одмор се зголемува особено по следните критериуми:

- по основ на придонес за работа до 5 работни дена;
- по основ на сложеност на работите до 5 работни дена;
- за максимално неповолни услови за работата до 5 работни дена;
- по основ на работен стаж до 10 работни дена;
- по основ на социјално-здравствена состојба до 3 работни дена;

Со општиот акт, односно колективниот договор на ниво на претпријатие поконкретно се утврдуваат и разработуваат критериумите за должината на траењето на годишниот одмор, кој не може да трае подолго од 30 дена, доколку со закон не е поинаку определено.

**Заштита на работа**

Член 12

Работникот има право на заштита на работа.

Претпријатието, односно работодавачот се должни да ги спроведуваат мерките на заштита при работа со цел да се заштити здравјето на работниците.

Со актот на претпријатието се утврдуваат работните места со потешки услови на работа, за кои на работникот мора да му се обезбедат заштитни средства.

Работникот е должен во текот на работата да ги користи заштитните средства кои се пропишани со општиот акт и Законот.

Некористење на пропишаните средства за заштита претставува потешка повреда на работна должност.

## ЛИЧНИ ДОХОДИ, НАДОМЕСТОЦИ НА ЛИЧНИ ДОХОДИ И ДРУГИ ПРИМАЊА И НАДОМЕСТОЦИ

**Личен доход**

Член 13

Личните доходи според одредбите на овој колективен договор се јавни, додека поединечните исплати на личните доходи не се јавни.

Личните доходи се пресметуваат и исплатуваат во нето износ.

Придонесите и даноците на личниот доход на работниците ги плаќа организацијата, односно работодавачот.

Исплатениот личен доход на работникот зависи од:

- основниот личен доход,
- додатокот за потешки услови на работа,
- одговорност за извршување на работа и работни задачи,
- резултати од работењето на работникот по обем на квантитет и квалитет на производите и услугите, остварената продуктивност на трудот, заштеди во процесот на работата и ефикасноста во користењето на работното време,
- остварена добивка,
- надоместоците на личниот доход,
- други елементи утврдени во општиот акт, односно колективниот договор на претпријатието.

Член 14

Цената на работната сила за најнизок степен на сложеност со кој се обезбедува материјална и социјална сигурност на работникот и неговото семејство, договорно ја утврдуваат и објавуваат потписниците на овој Колективен договор најдоцна во декември тековната за наредната година.

Доколку во текот на годината дојде до пораст на трошоците на живот, најниската цена на работната сила се корегира сразмерно на тој пораст во тековниот месец во однос на декември претходната година.

Заради сегашната материјална финансиска состојба во оваа гранка потписниците се договорија, цената на работната сила во смисла на став 1 од овој член за полно работно време и нормални резултати и услови на работа месечно да изнесува како што е дадено во чл. 59, став 1 од Општиот колективен договор.

Член 15

Во претпријатијата, односно кај работодавачите кај кои настанале тешкотии во работењето, најниските личен доход може да се намали до 20%, но не подолго од 6 месеци.

Член 16

Цената на работната сила за најнизок степен на сложеност се корегира со коефициентот на сложеност на трудот на соодветната група и тоа претставува основен личен доход.

Групите на сложеноста на работите и задачите утврдени со овој колективен договор претставуваат минимални коефициенти на сложеност.

Со овој колективен договор се утврдуваат девет групи, и тоа:

I група

Чистач во погон и канцеларија, сервирка во кујна, транспортер на стока, магацински работник, одржување на паркови и зеленило, работи и работни задачи во производство на суров тутун и друго.

Во оваа група спаѓаат едноставни рутински работи кои не бараат посебно образование, односно квалификација.

Коефициентот на сложеност на работите е 1,00.

II група

Помошни работи во производството на цигари, опслужување на машина во производството на суров тутун, опслужување на уредите на преработка на тутун, помошни работи во лепење и затворање на кутии, помошни работи во ракување со машина за производство на цигари и ракување со уредите, помошни работи на одржување и подмачкување на машини и уреди, работни задачи со транспортна количка и виљушкар, работни задачи на дозирање рефабрикати, припрема на сосови и аромати, обработка на ребра во припремата, лиминзионирање и средување на повезниот материјал, прочистување и просејување на тутунската суровина, довлашување на тутун пред изжилување, помошни работи во кујна, работни задачи на прием, транспорт на режан тутун и полнење на вакум комора, телефонист, градинар, помошник готвач, пожарникар, помошни работи на машина за изработка на филтер стапчиња, приготвување и издавање на тутун по рецептура, приго-

твување на филтер стапчиња и транспорт на репроматеријали, помошни работи на машина за пакување на цигари, курир, чувар, портир и др.

Во оваа група спаѓаат помалку сложени работи и работни задачи, односно работа со помош на едноставни средства за работа за кои се доволни писмени упатства, односно интерна полуквалификација за извршување на наведените работи.

Коефициентот на сложеност на работата е 1,20.

III група

Одржување на машини и уреди за обработка на тутун, контролор на командна плоча на линијата за преработка на тутун, ракување со уредите за тутунска фолија, сортирач на тутун во обработка, ракувач со уредите за режење на тутунот, ферментатор на тутун, автомеханичар, возач, машинобравар, готвач, дактилограф, администратор, архивар, електричар, картотекар, фактурист, статистичар, ракувач со машина за производство на филтер цигара, ракувач со машина за производство на филтер стапчиња, припрема на тутун во вакум комора, ракувач на линијата за пакување на цигари и др.

Во оваа група спаѓаат средно сложени работи и задачи на кои работата се повторува, со повремена појава на нови работни задачи. Извршувањето на овие работни задачи бара образование на ниво на квалификуван работник.

Коефициентот на сложеност на работите е 1,35.

IV група

Оперативно-технолошки работи, работни задачи во припрема на технолошкиот процес на работа, возач на машина за изработка на филтер цигари и тековно одржување на машината, тековна контрола на изработка и пакување на цигари (работна контрола), оперативно-технолошки работи на завршна припрема на тутунот, ракувач со уредите за вонсезонска ферментација на тутунот, работни задачи – општествена самозаштита, технички секретар, работни задачи од областа на работните односи, тековното финансирање, благајник, оператор на личните доходи, набавка на суровини, продажба, ликвидатор на работни налози, финансиски сметководител, салдо контер, сообраќаен техничар и диспечер, реонски инструктор, ложач на парни котли и одржување на компресори со низок притисок, ликвидатор, контер, оперативно, техничко-машински работи, оперативни работи на контрола, оперативна редовна анализа за физикална и хемиска контрола, организација на процесот за работа за едноставни работни места и контрола на работата, главен магационер и др.

Во оваа група спаѓаат посложени и поразновидни работи и работни задачи за чие извршување се неопходни консултации. Извршувањето на овие работи и работни задачи претпоставува образование на средна стручна подготовка.

Коефициентот на сложеност на работите е 1,55.

V група

Мајстор во производство, обработка и преработка на тутун, надзор и одржување на механички и автоматски уреди, ложач на парни котли и одржување на компресори со висок притисок и др.

Во оваа група спаѓаат посложени работи и работни задачи кои бараат повисок степен на самостојност во извршувањето на работите и работните задачи (ВКВ работници).

Коефициентот на сложеност на работите е 1,60.

VI група

Оперативен технолог за производство на суров тутун, оперативен технолог во преработка на тутун, организатор на заштитата на суров тутун и нега, организатор на работи за испитување на пазарот, работни задачи во лабораторија и контрола, организатор на службата за книговодство, организатор на кадровски и општи работи, работи на ОНО и ОСЗ, работи во општествениот стандард и заштита на работата, работни задачи за самоуправните органи, работни задачи на комерцијалист, организатор на работи во средни организациони единици и др.

Оваа група подразбира сложени работи и работни задачи во непосредното производство, работи на организирање, водење и подготовка на процесот на трудот, посебни задачи во областа на услугите, административни и деловни функции, за што е потребно виша стручна подготовка.

Коефициентот на сложеност на работите е 1,85.

VII група

Технолог за производство на суров тутун, технолог за обработка на тутун, организатор на процесот на работа во припремата на тутун, технолог за заштита и нега на тутунот, технолог на експлоатација и одржување на машините за преработка на тутунот, контрола на квалитетот на суровината и неговите производи, технолог за инвестиции, аналитички работи, нормативно-самоуправни правни работи, правно застапување, работни задачи на план и анализа, заштита на работата, информирање, ОНО и ОСЗ, внатрешна контрола, развој на кадри, програмер, организатор – координатор на работите во поголеми организациони единици, специјалист за техника и технологија на работи за преработка на тутунот, специјалист за експлоатирање и одржување на машинскиот парк, специјалист за самоуправна и нормативна дејност, специјалист за преработка на тутун, организатор и координатор во посложени организациони единици, креативни работи и друго.

Во оваа група спаѓаат мошне сложени работи и работни задачи што бараат иницијативност и креативност на работникот во стручно работење на подготовки, анализи и организација на работниот процес, за што е потребно заокружено теоретско и практично знаење за чие извршување е неопходно образование на ниво на висока стручна подготовка.

Коефициентот на сложеност на работите е 2,30.

VIII група

Специјалисти за производство, технологија, одржување, економски истражувања, маркетинг, координатори и друго.

Во оваа група спаѓаат мошне сложени работи и работни задачи за што е неопходно специјалистичко знаење заради извршување на високо стручни и сложени работи, вклучувајќи и работи во научно-истражувачки проекти. За работници од оваа група потребно е образование на ниво на висока стручна подготовка и завршена специјалистичка програма на образование или магистратура.

Коефициентот на сложеност на работите е 2,50.

IX група

Креативни работи во производството, развојот на нови технологии, аналитички истражувања, научно-истражувачки работи, координација и друго.

Оваа група подразбира најсложени работи и работни задачи со најголемо знаење за водење на процесот на производството, за чие извршување се неопходни одредени високи спицијализации, – докторат на науки.

Коефициентот на сложеност на работите е 3,00.

Коефициентите на сложеност на работите од VIII и IX група се применуваат доколку во актот на систематизација се предвидени како посебен услов за работа.

Член 17

Основниот месечен личен доход на работникот се зголемува кога работникот работи во услови потешки од нормалните за определено работно време.

Со колективните договори и општи акти на претпријатието ќе се утврдат условите за работа кои се потешки од нормалните за поедини работни места и степенот на одговорноста.

Елементите за потешки услови за работа кои задолжително мора да се земат предвид, при одредувањето на овие прашања во актите на претпријатието, се следните:

– за работи на работно место за кое е признат бенефициран работен стаж;

– влијание на околината (клима, бучава, прашина, влага, биолошки влијанија и друго);

– физички и психички оптоварувања (тешки физички напори со можни последици по здравјето, оптоварување на сетилата и др.);

– опасност по здравјето и животот на работното место како последица од употреба на орудија за работа на транспортни средства и друго.

Член 18

Основниот личен доход на работникот се зголемува и по основ на прекувремена работа, работа во денови на празници, утврдени во сојузни и републички закони, работа ноќе, работа во повеќе смени и по основ на минат труд.

Процентите на зголемување по основите од претходниот став се утврдуваат во општиот акт, односно колективниот договор на ниво на претпријатие, но не може да биде пониз ок од утврдениот во Општиот колективен договор за стопанството на СРМ.

Член 19

Работникот има право на теренски додаток во земјата за работа на терен вон седиштето на претпријатието, во зависност од обезбедените услови за престој на работниците на терен (сместување, исхрана и останато).

Теренскиот додаток се пресметува во висина до 75% од износот на дневницата што се исплаќа во претпријатието во тој период.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Важење на Колективниот договор**

Член 20

Овој колективен договор важи 3 години од денот на склучувањето.

Важноста на Договорот може да се продолжи и за наредните три години, ако најдоцна три месеци пред истекот на рокот на важење не се покрене барање за негова измена, односно не започне постапка за склучување нов договор.

Странките можат во било кое време спогодбено да го изменат Договорот.

**Решавање спорови**

Член 21

За решавање спорови меѓу странките во овој Колективен договор, а кои не можат да се решат со меѓусебно спогодување, се формира Комисија за усогласување.

За спор во смисла на претходниот став се смета правен или друг спор (ако се повредени интересите на странките), кој произлегува од Колективниот договор, како и спор кој ќе настане како последица на неприфаќањето на предлогот за измени и дополнување на Колективниот договор.

**Состав на Комисијата за усогласување**

Член 22

Секоја од странките именува два члена во Комисијата за усогласување.

Членовите на Комисијата спогодбено именуваат претседател на Комисијата од редот на потписниците.

**Започнување на постапката и резултати од усогласувањето**

Член 23

Постапката на усогласување за случаите од член 21 започнува на барање на една од странките.

Член 24

Усогласувањето е неуспешно ако една од странките писмено изјави, но не пред почетокот на усогласувањето, дека истото го смета за неуспешно.

Секое усогласување што странките ќе го постигнат, мора да биде во писмена форма.

Со донесените решенија се надополнува и изменува Колективниот договор.

**Измени и дополнувања на Колективниот договор**

Член 25

Секоја од странките може било кога да предложи измени и дополнувања на Колективниот договор.

Предлогот образложен во писмена форма се доставува до другата странка, која е должна да се изјасни по предлогот во рок од 30 дена.

Во случај спротивната странка да не го прифати предлогот за промени или не се изјасни по предлогот во рокот од претходниот став, странката – предлагач може да започне постапка пред арбитража.

**Постапка пред арбитража**

Член 26

Ако постапката за усогласување е неуспешна, спорот ќе се разреши пред арбитража.

Бројот на арбитрите е непарен.

Секоја од странките именува еднаков број арбитри, а најмалку два.

Претседателот на арбитражата го именуваат арбитрите спогодбено.

Арбитражата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови, од редот на стручни и научни работници.

На постапката пред арбитражата се применуваат одредбите за избраните судови од Законот за процесната постапка.

Одлуката за арбитражата е конечна.

**Спроведување и толкување на Колективниот договор**

Член 27

Странките се должни да го спроведуваат и следат остварувањето на Колективниот договор.

Секоја од странките во Колективниот договор именува по три члена во Комисијата која е овластена да дава толкување на одредбите од Договорот.

**Регистрирање и објавување на Колективниот договор**

Член 28

Колективниот договор ќе се регистрира кај надлежниот републички орган на управата.

Член 29

Овој колективен договор влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Член 30

Претпријатијата, односно работодавачите се должни да ги усогласат општите акти со одредбите на овој колективен договор во рок од шеесет дена од денот на неговото објавување.

декември 1990 година
Скопје
Републички одбор на Синдикатот
на работниците од земјоделството,
прехранбената и тутунската инду-
стрија на Македонија
Претседател,
**Томислав Велковски,** с.р.

Стопанска комора на
Македонија
Собор на тутунската индустрија
Претседател,
**Ѓорѓи Патаров,** с.р.

---

# ОБЈАВИ

Врз основа на член 59 од законот за работните односи („Службен весник на СРМ" бр. 20/90, 27 /90 и 10/ 91), Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика

## ОБЈАВУВА

За остварување на правата во самоуправните интересни заедници за кои основ е загарантираниот личен доход, за месец јануари 1991 година тој изнесува 1.797,80 динари, а за месец февруари 1991 година 1.800,00 динари.

Претседател
на Републичкиот комитет
за труд, здравство и
социјална политика,
д-р **Јанко Обочки,** с.р.

---

Врз основа на член 3 став 1 од Одлуката за начинот на утврдување на цената на становите во општествена сопственост („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија бр. 4/91), Републичкиот комитет за урбанизам, градежништво, сообраќај и заштита на човековата околина, објавува

## ГРАДЕЖНА ЦЕНА ПО М$^2$ НЕТО КОРИСНА СТАНБЕНА ПОВРШИНА ВО ПОСЛЕДНОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ВО 1990 ГОДИНА

Градежната цена по м$^2$ нето корисна станбена површина во последното тримесечје во 1990 година по општини изнесува:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Берово | 6.200 | дин. м$^2$ |
| 2. Битола | 6.700 | „ „ |
| 3. Брод Македонски | 6.200 | „ „ |
| 4. Валандово | 6.350 | „ „ |
| 5. Виница | 6.350 | „ „ |
| 6. Гевгелија | 6.500 | „ „ |
| 7. Дебар | 6.500 | „ „ |
| 8. Делчево | 6.350 | „ „ |
| 9. Демир Хисар | 6.200 | „ „ |
| 10. Кавадарци | 6.600 | „ „ |
| 11. Кичево | 6.600 | „ „ |
| 12. Кочани | 6.600 | „ „ |
| 13. Кратово | 6.350 | „ „ |
| 14. Крива Паланка | 6.500 | „ „ |
| 15. Титов Велес | 6.700 | „ „ |
| 16. Крушево | 6.200 | „ „ |
| 17. Куманово | 6.700 | „ „ |
| 18. Неготино | 6.350 | „ „ |
| 19. Охрид | 6.700 | „ „ |
| 20. Прилеп | 6.700 | „ „ |
| 21. Пробиштип | 6.500 | „ „ |
| 22. Радовиш | 6.500 | „ „ |
| 23. Ресен | 6.500 | „ „ |
| 24. Св. Николе | 6.500 | „ „ |
| 25. Општините на град Скопје | 6.850 | „ „ |
| 26. Струмица | 6.700 | „ „ |
| 27. Струга | 6.500 | „ „ |
| 28. Тетово | 6.700 | „ „ |
| 29. Штип | 6.700 | „ „ |

Претседател
на Републичкиот комитет
за урбанизам, градежништво,
сообраќај и заштита на
човековата околина,
дипл. инж. арх. **Андреј Токарев,** с.р.

---

## СОДРЖИНА


Страна

134. Одлука за избор на Владата на Социјалистичка Република Македонија . . . . . 149
135. Одлука за именување командант на Републичкиот штаб за цивилна заштита . . . . . 149
136. Одлука за изменување на Одлуката за висината на посебниот надоместок што се плаќа при регистрација на друмските моторни возила за Службата на „Помош и информации" . . . . . 150
137. Правилник за содржината и начинот на изработка на ловностопанска основа . . . . 150

**Колективни договори**

62. Колективен договор за земјоделство, прехранбена индустрија и рибарство . . . . . 153
63. Колективен договор за водостопанство . . . 156
64. Колективен договор за тутунската индустрија . . . . . 160


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ – Скопје, ул. „Васил Ѓоргов" бб. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефон 228-204. Пошт. фах 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Печатница „Нова Македонија" – Скопје**